Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги СКОПЈЕ
03.05.2019
03 - 37

**From:**
**Sent:** 02 May 2019 16:09
**To:** pretstavki@avmu.mk
**Subject:** PRETSTAVKA ZA 1TV EMISIJA PRAVDA I NEPRAVDA
**Attachments:** ПРЕТСТАВКА ДО АГЕНЦИЈА.pdf; Прашања и Одговор на прашања емисија Правда и Неправда.docx

Pochituvani,
Vo prilog Vi ja isprakjam Pretstavkata koja ja vlozuvam od moja strana za 1TV za emisijata Pravda i Nepravda koja se emituvashe na 16.04.2019 godina vo 21.00chasot i Ve molam da postapite po istata.

So Pochit,

0309
2
03.05.19

--

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

Подносител – Име и презиме

| |
|---|
| Зоран Азманов |

Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број (за доставување одговор)

| |
|---|
| ул. Периша Савелиќ бр. 29 во Скопје, azmanov.zoran@gmail.com |

Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

| |
|---|
| телевизија „1ТВ“ |

Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата

| |
|---|
| 16.04.2019 година во 21.10 часот |

Опис

Јас Зоран Азманов од Скопје, ја вложувам оваа претставка од причина што: Телевизијата 1ТВ неколку дена пред емитување на емисијата „Правда и неправда“, емитуваше најавна шпица за истата со наслов **„Нова измама на бизнисменот Азманов или позајмици –тема во Права и неправда“**, која емисија се емитуваше на 16.04.2019 година (вторник). Од ваквата најавна шпица јасно се гледа дека од страна на телевизијата 1ТВ во многу негативен контекст и со алудирање на измамник, се спомнува моето име и директно го нарушава мојот углед, чест и достоинство, најавувајќи ме како измамник пред целата македонска јавност.

Имено, новинарката Гордана Дувњак пред да се емитува емисијата, ме информираше за истата, на што јас побарав исто така да бидам присутен како гостин, како не би ја злоупотребил Тошевски истата за изнесување невистини за мене, па бидејќи во периодот за кога беше планирано емитувањето на емисијата, јас бев на службен пат во Швајцарија, од неа побарав одложување на емисијата за една седмица, меѓутоа бев известен дека не е можно одложување од причина што колегиумот не и дозволил одложување на емисијата на новинарката. Оттука, уште од самиот почеток на комуникацијата за емитување на ваков тип на емисија, се гледаше намерата на 1тв да му овозможи на Тошевски да може да изнесува невиетини, а да ме оневозможат мене да дадам одговор на сите негови обвинувања. Откако не беше одложена емисијата, јас побарав да ми дадат можност барем на писмено да се изјаснам повод прашањата на новинарката со оглед на фактот што незнаев дали ќе можам да стигнам да се вратам на време за емисијата, како би присуствувал на истата, па новинарката

Гордана Дувњак по електронски пат ми испрати прашања, за кои јас дадов детални одговори при што за секој одговор посочив материјални докази кои и беа достапни на увид во секое време преку мојата адвокатка Дуња Туртурова, и истите како прилог Ви ги доставувам и вам. Од самата комуникација, прашањата и одговорите на истите поткрепени со валидни материјални докази јасно се гледа дека Киро Тошевски кој ме обвинува во емисијата за наводна измама, на ниеден начин не е измамен, туку напротив се гледа дека на истиот му е само помогнато од моја страна, но сепак 1ТВ тенденциозно и пристрасно емитуваше најавна шпица со наслов **„Нова измама на бизнисменот Азманов** или позајмици – тема во Права и неправда".

Тенденциозноста и намерата на 1ТВ се гледа и во фактот што иако пред емитувањето на емисијата, од страна на новинарката ни беше ветено дека и мене и на Тошевски ќе ни биде дадено подеднакво време за говорење во емисијата, сепак кога ќе ја погледнете истата за што во прилог Ви испраќаме линк од емисијата, јасно ќе видите дека 75% од времето предвидено за соговорниците на новинарката Гордана Дувњак беше дадено за говорење на Тошевски, а мене ми беше оставено 25% од времето за да можам да кажам нешто во своја одбрана после искажаните бесмислени обвинувања. Веројатно се надевале и Тошевски и 1ТВ дека јас нема да стигнам навреме да се вратам од службеното патување, па затоа си направиле тенденциозно тек на водење на емисијата како Тошевски да е сам во емисија, со цел мене да ме претстават како измамник, но за среќа јас успеав да се вратам непосредно пред емисијата и да стигнам да гостувам на истата, што особено ме радува посебно по најавата која ја видов ден пред емитувањето на истата, па со моето гостување и со оглед на времето кое ми беше дадено за говорење во емисијата, се надевам дека колку толку успеав на македонската јавност да и ја претставам вистината, дека јас не сум измамник како што ме најавија со емисијата и како што сакаше да ме претстави 1ТВ. Меѓутоа, повеќе од очигледна е намерата на 1ТВ во континуитет најпрво со емисијата Македонски Инсајдер, а сега и со оваа емисија Правда и неправда, да го оцрнуваат моето име без никаков основ и да го нарушуваат мојот углед и мојата чест пред Македонскатајавност.

Барам насловната агенција да ја усвои мојата претставка и да постапи по истата со оглед дека од страна на медиумот 1ТВ се прекршени основите начела согласно Уставот на РСМ за основните човекови права и слободи.

Датум и место на поднесување

02.05.2019 година, Скопје

Потпис на подносителот

Ви благодариме!

**1. Како и кога го запознавте Тошевски?**
Незнам точно кој месец го запознав Киро Тошевски, но знам дека беше минатата 2о18 година. Директорот на НАСТЕЛ ДОО Скопје, Марјан Наков неколку пати упорно бараше да го примам Киро Тошевски кој ми беше преставен како деловен човек и на крајот се сложив да го примам. Идејата му била да ми го продаде земјиштето на кое има изградено објект кој е во фаза карабина за магацински простор кој не му е легализиран.

**2. Дали е точно дека во Септември минатата година сте сакале да купите локација од Тошевски во големина од 13.00о метри за 3.70о.00о евра?**
Точно е дека тој дојде кај мене и ми го понуди земјиштето преку фирмата БАНА ДООЕЛ Скопје да го купам истото, меѓутоа не се договоривме за купопродажба бидејќи на земјиштето имаше објект во фаза карабина на име на правното лице Вардар Комерц, кој не беше запишан во предимотен лист во Агенцијата за катастар на недвижности,а кој е сосема различеи правен субјект од БАНА ДООЕЛ Скопје кој е сопственик на земјиштето. Имено, објектот е започнат да се гради по добиено Одобрение за градење на име на Вардар Комерц, но БАНА ДООЕЛ истото не можел да го префрли на негово име како основачки влог, за разлика од земјиштето во површина од 12.700 м2 кое успеал да го трансформира од државна сопственост со трансформација во 2оо4 година. Како понудувач за да ме убеди да го купам земјиштето ми раскажа неколку лажни приказни дека наводно други потенцијални купци-турци му го барале за 4.ооо.00о,оо евра, швајцарци преку неговито син за не знам колку милиони евра за да граделе старечки дом, ама ете тој сакал мене да ми го продаде за 3.7о0.0о0 евра. Во тој момент се консултирав со некои стручни луѓе, кои ми рекоа дека може да се пренамени во локација за болница и дека така цената би се исплатела ако се легализира објектот со платени комуналии за болница. Покасно се виде дека Киро Тошевски веќе барал да му бидат признаени комуналиите во општина Гази Баба од Вардар Комерц, но тоа не било прифзтено и легализацијата на објектот на име на БАНА ДООЕЛ Скопје не може да се оствари. Кога дознав дека земјиштето има такви правни недостатоци, веднаш се откажав и тоа му го соопштив на Тошевски. Тој кажа дека сам ќе си ги средел недостатоците и тоа преку негови адвокати и врски во власта, но и покрај тоа јзс повторно му кажав дека тоа земјиште повеќе не ме интересира и дека ќе правам болница на друга локација. Исто така Тошевски кога ни го нудеше земјиштето за продажба, не лажеше дека земјиштето и објектот може да ни го продаде без изразен ДДВ од 18% бидејќи наводно фирмата БАНА ДООЕЛ Скопје не била даночен обврзник. Меѓутоа кога проверивме во УЈП ни кажаа дека нее вистина и дека мораме да платиме ДДВ 18% и плус 3% данок на промет, дека се работи за огромен промет и мора да се плати ДДВ, што беше дополнителна причина за да се откажеме од купување на земјиштето, бидејќи никако не сакавме да влеземе во зделка и подоцна од БАНА ДООЕЛ Скопје да биден затаен ДДВ, а ние во иднина да одговараме за такво нешто.

**3. Дали е вистина дека во преговорите биле вклучени д-р Марјан Стоевски, гинеколог и д-р Влатко Цветановски, кардиоваскуларен хирург исте тврделе дека на таа локација ќе правите модерна болница?**
Не сакам да зборувам за д-р Марјан Стоевски и Д-р Влатко Цветановски. Тие се врвни доктори, професори по медицински науки, па за се што Ве интересира поврзано со нив, само тие можат да Ви одговорзт. Јас ниту сакам ниту можам да говорам во нивно име.

**4. Која е причината што сте му дале позајмица/позајмици и во кој износ?**
Откако се откажав од купување на земјиштето со нелегализиран објект кое што ми го нудеше Тошевски и откако тоа му го кажав неколку пати, при што веќе му станало јасно дека нема да се случи купопродажбата, Тошевски дојде со ново барање кај мене и тоа со барање да му помогнам со тоа што ќе му дадам позајмица во износ од 27о.000,00 евра, зашто морал итно да раздолжи некој кредит во Еуро Стандард Банка и други долгови кои ги имал на други места, а

тој да ми го префрли земјиштето на име на НАСТЕЛ ДОО Скопје. Ваквиот предлог и барање од негова страна не доаѓаше во предвид да ги прифатам, при што му кажав дека не доаѓа во предвид да го префрли земјиштето на НАСТЕЛ ДОО Скопје бидејќи истото како што кажав и претходно не сакам да го купам, за ниедна цена, при што му кажав и дека доколку е толку во тесно и му се потребни тие пари, единствено може НАСТЕЛ ДОО Скопје да му даде позајмица со 2% камата на годишно ниво, а за враќањето на истата како гаранција да се стави хипотека на земјиштето, за што истиот се заблагодари и се склучи Договор за позајмица на 270.000 евра. Откако му ја дадовме првата позајмица, Тошевски повторно дојде со ново барање и тоа сега бараше многу поголем износ како позајмица, како тој имал купувачи за 7 станови во НАСТЕЛ ДОО Скопје, кои би купиле станови за износ од цца 700.000 евра во пари и дека ќе ги донесе тие купувачи да купат 7 станови доколку му дадеме дополнително 977.000,00 евра позајмица. Позајмицата ја бараше да му ја дадеме под исти услови, за што повторно би гарантирал со земјиштето кое би се ставило под хипотека. За враќањето на позајмицата ставивме разумен рок до 31.12.2019 година. По извесно време Тошевски дојде и повторно побара уште една позајмица во износ од 470.588,00 евра и уште една позајмица од 100.000,00 евра за која се колиеше во синовите и ми кажуваше разни лаги не те успеа да ме излаже и да му дадеме уште една позајмица. Последно дојде преку неговиот адвокат да бара уште 300.000 евра позајмица за да си го плател данокот бидејќи парите ги вадел во кеш и ги префрлал на физички лица со позајмици, а за тие пари не платил данок спрема државата. Се разбира не се сл0жив после последното лажење со последните 100.000 евра. **Откако го одбив последниот пат да му давам нови и нови позајмици, Тошевски почна да ни се заканува на Управителот Марјан и на мене.** Наводно он имал такви конекции со судот и власта што ќе ги поништел договорите за позајмица и хипотеките за истите, дека бил измамен и дека парите ги вратил во НАСТЕЛ ДОО Скопје. Со парите к0и ги земал како позајмица Тошевски си отплаќал свои долгови спрема Еуро Стандард Банка и Стопанска Банка АД Битола, согласно неговите кажувања, каде му Течеле огромни камати од 15% на месечно ниво, како и согласно неговите кажувања со парите кои ги земал како позајмица од НАСТЕЛ ДОО Скопје расчистувал и долгови кои ги имал спрема лихвари каде била задолжена Наде ќерката на Трпе и негови лихварски договори каде му течела огромна лихварска камата над 15% на годишно ниво, а каде тој и Наде имале заложено друг имот. Подоцна сфатив дека се работи за чуден човек што глуми дека ништо не разбира па дури и глуми дека е приглуп ама е многу итар сака да се прикаже како жртва која е измамена а ч0векот земал на четири наврати со четири позајмици 1.817.588,00 евра од НАСТЕЛ ДОО Скопје. Навистина премногу. Парите ги извадил во кеш од фирмата преку физички лица со позајмици. Купиле за неговата роднина или пријателка Наде најлуксузен БМВ 7 со фул опрема, отпосле дознав дека дал позајмици за купците кои ги нашол, од кои двајца се негови синови другите не знам, тоа се две жени како што ми кажал директорот Марјан. Ниту ги познавам, ниту сум ги сретнал, ниту им ги знам имиња на тие купувачи. Значи купувачите на станови си платиле по основ на преддоговори за купупродажба на станови и паркинг места истите ги примиле во владение и во моментов е во тек е пренесувањето на становите од имотен лист на НАСТЕЛ ДОО Скопје на имотен лист на купувачите. Значи тие купувачи за што платиле тоа си добиле и нема ништо спорно тука. А, тоа дали Киро Тошевски им давал позајмици од неговата фирма, на физички лица, ниту ме интересира, ниту е релевантно за мене. Тој сам си располагал со сите 1.817.588,00 евра кои му се позајмени со годишна камата од 2% што е под секоја европска камата, од каде се гледа намерата да му се помогне. Мислев дека кога чиниш за некого добро исто како да чиниш за себе со тоа се збогатува и духот на човека да помогнеш на другите. Очигледно погрешно сум проценил, наместо огромна благодарност да ми возврати, тој почна да ме навредува да ме пријавува дека сум го измамил. Во што се состои измамата што сме му платиле 1.817.588,00 евра евра како позајмица со 2% камата годишно со рок на враќање до 31.12.2019година. Во позајмицата не пишува никаков усл0в дека треба да биде употребена за едно или за друго, а најмалку дека истата треба да се употреби за купување на станови.

Најверојатно проблемот и лажните клевети спрема мене настанаа откако КироТошевски позајмил пари од неговата фирмата на негови пријатели и роднини 1.817.588,00 евра за да може да си ги извади во кеш, а заборавил да плати данок на државата, бидејки најверојатно не е научен во животот да плаќа данок, на ги повикувам институциите да проверат з0што не платил данок за овие одлеани пари на физички лица со позајмици. Зошто е затаен данокот од Киро Тошевски како управител и сопственик на БАНА ДООЕЛ Скопје???
Киро Тошевски цело време зборува лаги дека имал договорено со мене да ја купам локацијата од 12.7оо м2 за 3.7оо.000.00 евра, па еве ако тој презентира таков преддоговор или договор за купопродажба потпишан од мене веднаш ке ја купам. Јас таква работа нити сум договорил нити ме интересира посебно што таму постои нелегален објект на Вардар Комерц, на локација на БАНА ДООЕЛ Скопје. Сметам дека на нелегален начин е извршен пренос на земјиштето од Вардар Комерц на БАНА ДООЕЛ Скопје, со цел да се осуетат доверителите на Вардар Комерц, како што беше доверителот Рудине, кој имаше запишано извршно решение на земјиштето во сопственост на БАНА ДООЕЛ Скопје за цца 700.000 евра, што беше причииа повеќе зошто не сакав да влегувам во купување на таа локација. Ова особено што Киро кажуваше дека успеал да издејствува да му ја избришат прибелешката на Рудине, на нечесен начин за кој повеќе не би зборувал, а оставам институциите во државата тоа да го испитаат и проверат. За каков човек станува збор, односно дали е измамеи или тој е научен да мами, може да се види од неговите досегашни постапувања. Имиео, земјата од Вардар Комерц можел да ја пренесе на БАНА ДООЕЛ Скопје, а долгот кој бил од Вардар Комерц спрема Рудине не смеел да се забележи на земјата која е пренесена како основачки влог од Вардар Комерц на БАНА ДООЕЛ Скопје. Ако погледнете за колку пари е купено ова земјиште од државата и како е трансформирано во приватна сопственост ќе видите кој ја измамил државата и за каква симболинка цена е купена таа парцела од државата. Локацијата од 12.700 м2 ја купил и трансформирал за симболична цена уште во време кога инфлацијата била 10% на дневно ниво 1993 година, а трансформирана во 20о4 со решение на Министерство за транспорт и врски Сега овој човек што на таков начии ја стекнал земјата за речини безпари, земал позајмица на база хипотека на така стекнатата земја во изиос од 1.817.588,о0 евра, ги извадил парите во ќеш, си купувале станови, коли и други луксузи, без да платат ни денар данок иа државата и на крај да каже Азманов ме измами ми даде позајмица и сака да Ми ја земе земјата. Тоа е само изговор и обид за да клевети и да проба да не ја врати позајМицата па уште и ќе ја поништел хипотеката преку иекои негови врски во власта и судовите со поткуп и корупција исто како што му ја избришаа времената мерка - извршното решение на Рудиие.

**5. Што велите на тврдењето на Тошевски дека најпрво му било ветено дека во компензација ќе добие 3 стана, а потоа дека од него било побарано да најде уште 5 фиктивни купувачи за 5 стана, за што наводно на Негова сметка биле уплатени 50о.0оо евра и истите по само неколку минути повторно биле вратени на ваша сметка?**

Тоа е апсурд. Никогаш од него не било побарано, а и немало причииа да се бара таква работа од него. Од друга страна не го разбирам терминот фиктивни купувачи и што точно Тошевски мисли кога го кажува тоа. Нашиот однос со него е чист, тој побарал и му биле дадени позајмици, за што си постојат договори и во кои договори се предвидени условите под кои се дадени. Никакви компензации или фиктивии купувачи не биле споменати. Од сметка на БАНА ДООЕЛ Скопје никогаш не се уплатеии парични средства на сметка на НАСТЕЛ ДОО Скопје, ниту еден денар, иити за враќање на позајмицата, нити за купување на станови.
Дали тој давал позајмици на неговите синови и пријателки да си купат стаиови само тој си знае итоа било иегово право да си располага со парите кои ги зел како позајмица од НАСТЕЛ ДОО Скопје, а негова обврска навремено да ги врати истите согласно договорит. Нити сум можел да влијаам, иити сум влијаел како ќе располага со парите Киро Тошевски откако му се пуштени парите по договори за позајмица на фирМата НАСТЕЛ ДОО Скопје. Ако давал нозајмици требал

да плати и данок истиот ден, се знае законот, а не после сите тие позајмици повторно да дојде и да бара уште една позајмица за наводно да го плател данокот. НАСТЕЛ ДОО Скопје е еден од најголемите плаќачи на данок и една од најуспешните фирми во државата во последните 16 години и се гордеам со тоа. Кога потпишувам налози за плаќање на данок тоа ми е најголемо задоволство бидејки кога плаќам данок се чувствувам дека правам добро за другите, а со тоа правам и за самиот себе. Но очигледно Тошевски е многу различен од мене, бидејки тој неможе да се пофали со плаќање на даноци, туку само со затајување и неплаќање и како ја земал земјата за симболички пари од државата. Тоа е разликата меѓу клеветникот Тошевски Киро и Зоран Азманов. Кога ќе извади доказ дека платил барем 100.000,00 евра данок, нека се појави на телевизија. Додека НАСТЕЛ ДОО Скопје плаќа милиони евра данок на оваа држава, тој не клевети за измамници. Почитувам што донел купувачи за да купат 7 стана во НАСТЕЛ ДОО Скопје во вредност од 694.820,00 евра, но тоа не му дава за право да клевети и навредува дека некој го измамил и му дал позајмици вкупно 1.817.588,00 евра, па не еднаш туку пет пати молел за позајмица и четири пати потпишувал договори на нотар. Па еднаш некој да те измами, ама четири пати! Па згора на се посегнал да пријавува во финансова полиција и ОЈО дека бил измамен. Па да се прашаат гледачите дали тој е измамник што ја измамил државата и го купил земјиштето и трансформирал за симболичка цена или јас што сум му дал позајмица со 2% камата на годишно ниво за да му помогнам. Се разбира на крај на 2019 година има рок за враќање и нормално секоја позајмица согласно согласно член 545 и 546 од Закон за облигациони односи мора да се врати во договорениот рок. Ако не се врати се употребуваат инструментите за обезбедување на позајмицата а тоа е хипотеката. Кој ќе ја купи не ме интересира. Јас и Настел не сме заинтересирани. Ако му вреди локацијата 4 или 10 милиони евра нека си ја продаде на кого сака никој не му пречи, ќе врати колку позајмил остатокот си се негови пари. Се фалеше дека имал некои турци кои сакале да му го купат земјиштето за 4 милиони евра, во тој случај нека им ја продаде за колку сака и нека ни ги вратат парите и другите се негови. Но без да ги врати позајмиците да глуми дека некој го измамил на основа на што тој сака да ја мами целата јавност и институциите за да му помогнат да ја избрише хипотеката без да ги врати позајмиците, тоа тешко може да му помине пред било кој чесен судија. Исто така никаде не пишува дека позајмицата може да се претвори во купопродажна цена, нити тоа сум го преговарал, нити разговарал со било кого. Децидно му е напишано и со писмен одговор на негово писмо дали сме заинтересирани за купување на таа локација, децидно му е одговорено дека не сме заинтересирани. Писмото му е испратено препорачано и ви го даваме на увид. Исто така и договорите за позајмици и за хипотеки заверени и потпишани на нотар од каде се се чита многу јасно. Ако Ви требаат ќе ви бидат дадени и договорите за купување на 7 стана од купувачите кои Киро ги препорача, но никаде нема поврзаност на договорите за позајмица и договорите за купопродажба на станови.

**6. Колку е точно дека дополнително сте го условиле за уште 2 стана под ист принцип како со претходните 5, а под изговор дека во државата сите плаќаат во компензација?**

Никогаш не сум го условувал ниту за 5 стана, ниту за 2 стана, како што веќе одговорив на претходното прашање. Тошевски сам донел купувачи за 7 стана, како што ми кажа директорот Марјан, за што јас мислев дека тоа го прави бидејќи, самиот се понуди да донесе ккупувачи, како и дека верува и знае дека НАСТЕЛ ДОО Скопје е сериозна компанија, која гради со најголем квалитет. Никогаш не би помислиле дека со сето тоа има ваква задна намера, никогаш не бил условен, нити таков услов постои во писмените потпишани договори за позајмици на нотар.

**7. Во кој момент решивте да се откажете од инвестицијата за изградба на болница?**

Од инвестицијата за изградба на модерна болница не сум се откажал никогаш. Во моментов преговарам за банкарски услови за нов кредит од Швајцарија за таа намена но секако за друга локација, бидејки локацијата на БАНА ДООЕЛ Скопје, не е легална, односно земјиштето се води на негово име, а објектот кој не е упишан во катастар, по документација е на Вардар Комерц. После целата оваа конструкција на Киро, локацијата и за беспари да ми ја дава, немам намера да ја земам, бидејќи со тој човек повеќе не сакам да имам никакви деловни односи. Барам само парите согласно позајмиците да ни се вратат во НАСТЕЛ ДОО Скопје и нека си ја продава локацијата на кого сака. Инаку истата локација Наде ја нудела на повеќе агенции и фирми меѓу кои и на агенција Капитол за 2,5 милиони евра, ама како што гледате до и после многу долг период што ја нуделе по таа цена announcement неможеле да ја продадат до ден денешен. Според информациите од истата агенција највисока цена што им понудиле некои турци како против цена на нивните 2,5 милиони евра била контра цената од 1,5 милиони евра. Кој ќе им даде толку пари за нелегален објект на Вардар Комерц која е ликвидирана фирма во стечајна постапка, а земјиштето е на БАНА ДООЕЛ Скопје. Треба да сум навистина ненормален па да се согласам да ја купам таквата локација.

**8. Како го коментирате тврдењето на Тошевски дека сте го измамиле и сте сакале да му ја земете локацијата за далеку пониска цена од договорената преку фиктивни позајмици?**

Првенствено сакам да нагласам дека не постои договорена цена за локацијата, бидејќи ние не успеавме никогаш да се договориме за купувањето на истата од сите причини кои во одговорите на претходните прашања ги дадов, односно ние се откажавме од купувањето на предметната локација. Од друга страна мислам дека Тошевски не го разбира поимот фиктивна позајмица. Во нашиот случај се работи за чиста безусловна позајмица односно четири позајмици. Фиктивна е ако има договор за позајмица, а нема уплата. Во нашиот случај истиот ден кога е потпишана на нотар позајмицата или истиот ден или наредниот, целиот износ му е уплатен на сметка на БАНА ДООЕЛ Скопје и тој самостојно како директор си располагал со тие средства кои во договорениот рок според договорот за позајмица треба да ги врати. Како што напишав и погоре, ниту сакам за пониска цена, ниту за безпари. Негова локација не купувам за било која цена. Последна да е на овој свет од Киро Тошевски ништо не купувам. Признавам дека згрешив што му поверував на убавите зборови пофалби и комплименти и ете сега се соочувам со грешката што сум ја направил.

**9. Дали ви е познато дека Тошевски поднел кривична пријава против вас, управителот на Настел, како и против двајцата лекарии оти случајот го пријавил во Финансова полиција?**

Секој на секого може да поднесе кривична пријава или да поднесе пријава во финансова полиција. Но вакви кривични пријави без основ никој нема да ги земе сериозно. Ако ме повикаат некогаш ќе им ја образложам целата ситуација и сето тоа ќе го поткрепам со докази - договори и издржани аргументи. Нотарските договори за позајмица се сосема чисти и законски. Исто така и договорите за продажба на становите се чисти. Никаде нема никаква условеност од наша страна ниту поврзаност, а најмалку има врска со купување на локацијата која е сеуште нечиста со нелегализиран објект. Ако сум уплаќал по некаков договор за купување на локација ќе имаше предоговор потпишан на нотар со одлуки од основачот, а уплатата нема да беше по основ на позајмица туку ќе беше аванс за купување на земјиште. Работите се многу чисти ама Тошевски сака на сила да ми ја продаде локацијата за цена која тој си ја одредил, а јас не сум ја прифатил, ниту ме интересира, поготово што има нелегален објект и што Тошевски се служи со лаги за да стаса до целта или да ја продаде локацијата на мене или да не ја врати позајмицата, ама тоа е само во неговата глава, а не и во мојата. Јас од него не купувам ништо никогаш да им биде јасно на сите и на сила неможе никој да ме натера да купам нелегален објект со земја.

Барам да ми ја врати позајмицата, а тој нека си најде друга жртва за да му продава локација и да го мами.

**10. На кој начин мислите дека може да се реши оваа ситуација?**

Според мене нема некаква нерешлива ситуација. Нашите односни се чисти, односно Тошевски има земено позајмици од НАСТЕЛ ДОО Скопје и истите има рок до кога треба да ги врати. Оттука, не разбирам што треба тука да се решава? Тој треба до 31.12.2019 година да си ги врати земените позајмици, согласно условите во договорите за позајмица и со тоа сме расчистени. Доколку има потреба може да си земе кредит од банка ако воопшто некоја банка му верува на таков измамник или како што ме измами да му дадам позајмици, нека си ја продаде земјата и нелегалниот објект на некоја друга жртва или иден купец како турците со кои блефираше дека ним ќе им ја продаде и така ќе ги врати парите од позајмиците, а остатокот од парите си се негови и он си знае што ќе си прави со нив. Мене на сила неможе да ми продаде по ниту една цена било каква да е, од него не купувам ништо. Негово е само да си ги врати парите од позајмиците кои се оданочени и кои сме му ги позајмиле. Единствено решение е враќање на позајмиците, друго решение нема нити ќе преговарам за друго решение во иднина. Секој што земал позајмица согласно член 545 и 546 од Закон за облигациони односи мора да ја врати истата во договорениот рок со договорената камата. На НАСТЕЛ ДОО Скопје не му е познато кога БАНА ДООЕЛ Скопје ги извадил парите од негова сметка, на кој му ги префрлил, и дали лицата на кои им ги префрлил по ие знам кој осиов, истите ги имаат искористеноз а купување на станови во НАСТЕЛ ДОО Скопје. Такво нешто нити ми е познато нити е договарано со мене или со било каков договор. Сето тоа може да се провери во сите договори. Се останато се шпекулации на Киро Тошевски кој сака да се претстави како жртва. Сосема на крај можам да кажам дека Тошевски наместо да биде благодарен што сме му помогнале да ги отплати лихварските долгови на начин што сме му дале позаимица со договори за позајмица со камата од 2% на годишно ииво, тој се дрзнува да клевети дека бил измамен од наша страна. По трагот на парите институциите можат лесно да видат каде завршиле тие 1.817.588,00 евра, што е купено со нив и што е отплаќано. Па не може да ја лаже целата јавност и да го користи моето отсуство за да ме оцрнува без основ и да креира случај дека демек е измамен за да не ја врати позајмицата, односно позајмиците бидејќи се работи за четири позајмици од различни датуми на потпишување и исплата. Тој бил итар за да земе позајмица во износ од 1.817.588,00 евра со 2% камата, за да си врати позајмици со затезни лихварски камати, а бил наивен и глуп кога ги потпишал договорите за позајмица. Ова е премногу проѕирно за да ја изманипулира целата македонска јавиост и институциите, а за лажно пријавување на кривично дело се одговара по закон и ќе добие контра кривична пријава.